Нотарската награда е пресметана во износ од 2000 денари.

Број УЗП 3295/2023

Во Скопје 06.07.2023

НОТАР

Анита Адамческа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Комората на нотарите при Основните судови на градот Скопје
НОТАР
АНИТА
АДАМЧЕСКА
СКОПЈЕ

5. МИСЛЕЊЕ ОПШТИНА ПРОБИШТИП

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1*2210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр.10–1160/2 од 01.12.2023 год.
Пробиштип

Предмет: Достава на мислење

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за мислење за изработка и одобрување на **Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип**, Ви даваме **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** во однос на приложената проектна програма.

Со почит,

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Раководител на Одд.за урбанизам
Бранко Станојковски

Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Date: 2023.12.01 14:06:01 +01'00'

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште општина Пробиштип

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ - УП 110kV далновод
ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ - УПВНМ

ЛЕГЕНДА :

- граница на катастарска парцела
1362/1 - број на катастарска парцела
1687 446.44 - снимена детална точка
- помошни линии (пат)
- граница на катастарска општина
- изохипси
- изохипси
- теме на дециметарска мрежа

ТЕКТОН АРХИТЕКТУРА И УРБАНИЗАМ	**ТЕКТОН дооел - Скопје** Лиценца за Изработување на урбанистички планови бр. 0035 адреса: ул."Народен Фронт" бр.5/12 - Скопје контакт: +389 2 3245690 / +389 70 349794 e-mail: tekton.arh@gmail.com			*УПРАВИТЕЛ:* Мила Искреновиќ дипл.инж.арх.	
ИНВЕСТИТОР	БАКА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, ЧАШИЦА СОЛАР ДОО Скопје, СКАЈ СОЛАР ДОО Скопје			*ЛОКАЦИЈА:* КП 4 КО Бучиште - општина Пробиштип	
НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ	**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип**				
НАЗИВ НА ЦРТЕЖОТ	**АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ**				
ОБЛАСТ УП	*ФАЗА:* ПП	*РАЗМЕР:* 1/1000	*ДАТА:* Декември 2023	*ТЕХНИЧКИ БРОЈ:* 443/23	*ЛИСТ:* бр.1

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА, ВО КОЈА Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ ВО КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ПОСТАВУВААТ ПОВЕЌЕ ГРАДБИ

Согласно Член 58 став 6 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ 32/2020 и 111/23) Урбанистички проект може да се изработува и за поединечни градби за коишто непостојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно овој закон, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап во кој случај урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.

Пристапот до проектниот опфат е од некатегоризирани патишта. Согласно Член 59 став 6 точка 13 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник бр.32/2020 и 111/23):

(6) Со урбанистички проект од член 58 став 6 на овој закон, се уредуваат поединечни градби, односно група на градби, инфраструктура, опрема и партери вон населени места за којшто непостојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план како што се:

13. други поединечни градби вон опфат од урбанистички планови

Урбанистичкиот проект ќе се изработи согласно Услови за планирање на просторот со намена трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4 КО Бучише, општина Пробиштип кои произлегуваат од Просторен план на РМ (Тех.бр. Y42923 од ноември 2023) и Решението за услови за планирање на просторот издадени од Министерството за животна средина и просторно планирање (арх.бр.уп1-15 2391/2023 од 24.11.2023г)

Фотонапонските централи (Бака Енерџи/Чашица Солар/Скај Солар) кој се планирани во близина на градот Пробиштип се приклучуваат на ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 од која ќе се приклучат на електроенергетскиот преносен систем на АД МЕПСО.

Проектниот опфат на предметниот УП се граничи со:

- Урбанистички план вон населено место со основна класа на намена Е2 –комунална супраструктура (фотоволтаична централа) во КО Бучиште: КП 1/1, 56, 57, 58, 45, 46, 102/11 и дел од КП 1/2, 2, 3, 5, 8, 10, 11, 12, 13, 33, 34, 35, 42, 55/2, 967, 968, КО Петршино: КП 1362/3, 1362/4, 1363/3, 1364/4, 1364/5 и дел од КП 1066, 1361/2, 1365/1, 1490, 1501, 1502, 1503, 1532, 1533 - општина Пробиштип
  (одлука бр.26-794/5 од 30.07.2021)

Од планиран некатегоризиран пристапен пат во УПВНМ ќе се пристапи во новопланираната градежна парцела 1.

- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип - општина Пробиштип (аплицирано во е-урбанизам бр. 57864 од 14.12.2023) – УПП (тех.бр. Y 37023 од август 2023) Решението за услови за планирање на просторот (арх.бр. УП1-15 1766/2023 од 17.08.2023).

Приклучување на планираната ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 (за потребите на фотонапонските централи) е со планиран 110kV кабел и далновод на ТС 110/35/10kV Пробиштип.

Планираните фотонапонски централи со УПВНМ и УП ќе се приклучат на ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 со 20kV кабли планирани со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.1- сообраќајни патни инфраструктури (локални патишта) и Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија (20КВ кабли) во КО Бучиште и КО Петршино– општина Пробиштип (аплициран во е- урбанизам бр. 57885 од 15.12.2023 – во фаза на одобрување).

ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 се наоѓа јужно од градот Пробиштип во близина на селата Петришино и Бучиште и се предвидува да има инсталирана моќност од 110 MW.
ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 се состои од:
ККО – командно контролен објект за сместување на 20 kV постројка во која ќе бидат влезовите на сите енергетски кабли и опрема за управување на ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 (AC/DC, управување, заштита, мерење, итн) со приземна катност

- објект со комплементарна намена – магацин со приземна катност

Опрема за трансформаторска станица

- Три енергетски трансформатори 110/20 kV, 40 MVA
- Три 110 kV трансформаторски полиња
- Едно 110 kV далекуводно поле

За потребите при градба, работа и одржување на постројката се планираат сообраќајници со широчини од 3,0-6,0 m.
Сообраќајниците ќе бидат асфалтирани, а останатиот простор да биде со дробен камен, зеленило.
Енергетските и командно-сигналните кабли во граници на градежната парцела ќе се водат во кабелски канали и цевки.
Просторот околу трафостаницата ќе биде ограден, со една лизгачка влезна врата.
Постројката 110 kV е надворешна, воздушно изолирана, со опрема за надворешна монтажа, поставена на високи челични носачи.
Опремата на постројката ќе биде од стандардно производство во согласност со IEC стандардите, за надворешна монтажа, прилагодена на електротехничките, механичките, сеизмичките и микроклиматските услови.
Дистрибуција на електрична струја од 110 kV појстроката на ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 преку 110kV кабел ќе се приклучи на 110 kV кабел и далновод планирани со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип - општина Пробиштип од кој електричната енергија ќе се дистрибуира до приклучок на ТС 110/35 kV Пробиштип.
Во граници на градежната парцела се планира паркирање за 12 лесни возила и 1 за инвалиди.
Со одобрување на урбанистичкиот проект земјиштето добива статус на градежно земјиште.
Во граници на градежната парцела се планира 20% зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и 42/20).

Нумерички показатели

Нумерички показатели на постојна и планирана состојба

Површина на проектниот опфат е 1.61ха (16 106м²).

Планирана состојба

Во граници на проектниот опфат во планирана состојба ја имаме следната намена на земјиште:

Е1.8 – инфраструктури за пренос на ел.енергија (ТС) 16 106м²(100%)

ПРОЕКТЕН ОПФАТ 16 106м²(100%)

Урбани параметри на ниво на проектен опфат

Површината на проектен опфат	16 106м²
Површина на градежна парцела	16 106м²
Површина за градба	8 053м²
Развиена површина по етажи	16 106м²
Процент на изграденост	50%
Коефициент на искористеност	К=1,0
Катност	П+1
Кота на венец	Н=12,00

Урбани параметри на ниво на градежна парцела 1

Површината на градежна парцела	16 106м²
Површина за градба	8 053м²
Развиена површина по етажи	16 106м²
Процент на изграденост	50%
Коефициент на искористеност	К=1,0
Катност	П+1
Кота на венец	Н=12,0

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ		
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ	16 106 м²
2	Е1.8 –ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРЕНОС НА ЕНЕРГИЈА (ТРАФОСТАНИЦА)	16 106 м²
3	ПОВРШИНА ПОД ГРАДБА	8 053 м²
4	ГРАДЕЖНА ПОВРШИНА ПО ЕТАЖИ	16 106 м²
5	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	50%
6	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	1,0
7	КАТНОСТ	П+1
8	КОТА НА ВЕНЕЦ	12,0 м

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ од Постојна и Планирана состојба				
		Постојна состојба	Планирана состојба (Урбанистички проект)	Планирана состојба (Урбанистичко решение)
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ	16 106 м²	16 106 м²	16 106 м²
2	НЗ – НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	16 106 м²	/	/
3	Е1.8 –ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРЕНОС НА ЕНЕРГИЈА (ТРАФОСТАНИЦА)	/	16 106 м²	16 106 м²
4	ПОВРШИНА ПОД ГРАДБА	/	8 053м²	470м²
5	ГРАДЕЖНА ПОВРШИНА ПО ЕТАЖИ	/	16 106м²	470м²
6	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	0%	50%	3%
7	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	0.00	1,0	0.29
8	КОТА НА ВЕНЕЦ	/	12.0м	8,0м
9	КАТНОСТ	/	П+1	П

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ					
Број на градба	Намена на градба	Површина на градба (m^2)	Развиена површина на градба (m^2)	Катност	мак. Висина до венец (m)
1.1	Е1.8 – Трансформаторска станица Командно контролен објект	1146	1636	П	8m
1.2	Е1.8 – Трансформаторска станица магацин	1146	1636	П	5m
	ВКУПНО:	2292	3272		

Намена на планирани површини во граници на градежна парцела 1 (урбанистички решение)	површина ($м^2$)	процент на застапеност (%)
1.ПОВРШИНА ПОД ГРАДБИ	470	3
2.ПОВРШИНА ПОД ОПРЕМА	1 937	12
3.КОЛСКА ПОВРШИНА*	1 634	10
4.ПЕШАЧКА ПОВРШИНА	592	4
5.ЗЕЛЕНИЛО	11 473	71
ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1 (Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија)	**16 106**	**100**

*Не е вкалкулирана сообраќајната површина под опрема

2.2 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

Сообраќајно и нивелациско решение

- ***Сообраќајно решение***

Според податоците добиени од **ЈП за државни патишта на РСМ (бр.10-10-949/2 од 26.01.2024)** приложениот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на ЈП за државни патишта.

Пристапот до проектниот опфат е од планиран некатегоризиран пристапен пат од Урбанистички план вон населено место со основна класа на намена Е2 –комунална супраструктура (фотоволтаична централа) во КО Бучиште: КП 1/1, 56, 57, 58, 45, 46, 102/11 и дел од КП 1/2, 2, 3, 5, 8, 10, 11, 12, 13, 33, 34, 35, 42, 55/2, 967, 968, КО Петршино: КП 1362/3, 1362/4, 1363/3, 1364/4, 1364/5 и дел од КП 1066, 1361/2, 1365/1, 1490, 1501, 1502, 1503, 1532, 1533 - општина Пробиштип (одлука бр.26-794/5 од 30.07.2021).

Профил на некатегоризиран пристапен пат:

коловоз	2 x 3,00	=	6,00 м’
банкини(риголи)	2 x 1,00	=	2,00 м’
	ВКУПНО:		8,00 м’

Во граница на проектниот опфат се планира внатрешна сообраќајница со ширина од 3м до 6м и паркинг простор за лесни возила.

- ***Нивелациско решение***

Подолжните нагиби на планираната внатрешна сообраќајна мрежа е во согласност член 152 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20,219/21, 104/22 и 99/23).

Паркирање

Паркирањето е решено во граници на градежната парцела.

Во граници на градежната парцела на јужната страна се планира паркинг простор за 12 лесни возила и едно паркинг место за инвалиди (вкупно 13п.м.).

2.3 Партерно решение со хортикултура

Уредувањето на градежната парцела е обврска на инвеститорот.

Тоа подразбира уредување со ниско, средно и високо зеленило 11473м²(71%), внатрешни сообраќајници и паркинг простор 1634м²(10%), пешачки површини 592м²(4%), дефинирано место за корпа за отпад кое ќе биде лоцирано до влезот и лесно достапно за комуналните служби.

Согласно член 20 став 1 од законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр.42/20) во градежната парцела е задоволен процент на застапеност на зеленило од 20%.

2.4 Водови и инсталации на инфраструктурите

- **Хидротехничка инфраструктура**

Според податоците добиени од **ЈП Хидросистем Злетовица (бр.03-630/4 од 09.08.2023)** и **ЈКП "Никола Карев" Пробиштип (бр.07-9/34 од 26.12.2023)** во граници на проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип ***нема хидротехничка инфраструктура***

Водоводна мрежа

Ќе се користи флаширана вода за пиење на вработените. За задоволување на санитарните потреби на градбите, наводнувањето на зелените површини ќе се користи вода од бунар. Планирана е цевка Ф32 од планиран бунар до приклучување на објектите.

Фекална канализација

Фекалните води ќе се дистрибуираат во непропусна септичка јама која интервално ќе се празни. Од објектите до фекалната канализација се планира цевка со профил Ф160.

Атмосферска канализација

Прифаќање и одведување на атмосферските отпадни води од крововите и сообраќајните површини на локалитетот ќе биде во зелените површини.

- **Електро-енергетска инфраструкрура**

Според податоците добиени од **АД ЕСМ – Скопје (бр. 08-7874/1 од 19.12.2023), АД МЕПСО (бр.11-4666/1 од 04.08.2023) и ЕлектродистрибуцијаДООЕЛ Скопје (10-22/4-336 од 01.08.2023)** во граници на проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип ***нема електроенергетска инфраструктура***

Фотонапонските централи (Бака Енерџи/Чашица Солар/Скај Солар) кој се планирани во близина на градот Пробиштип се приклучуваат на ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 која е планирана да има инсталирана моќност од 110 MW. Од трафостаницата ќе се приклучат на електроенергетскиот преносен систем на АД МЕПСО.

Од АД МЕПСО (бр. 11-5842/1 од 02.10.2023) добиена е **Прелиминарна согласност за приклучување на ФЕЦ Пробиштип 1** на електрпреносна мрежа со која може да се продолжи постапката за Овластување за изградба на ФЕЦ Пробиштип 1 согласно Законот за енергетика.

Постапката за приклучување на електропреносната мрежа продолжува со изработка на Студијата за приклучување на ФЕЦ Пробиштип 1 на електропреносната мрежа по добиеното Овластување за изградба.
Од источна граница на градежната парцела се планирани 20KV кабли до планиран командно контролен објект (1.1). Од командно контролниот објект се планираат 20 kV кабли до опремата за трансформаторска станица . Од опремата за трафостаницата односно од 110kV далекуводно поле со 110kVкабел се планира приклучок на 110 kV кабел и далновод планиран со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип - општина Пробиштип до приклучок на ТС 110/35 kV Пробиштип.

Командно контролиниот објект (ККО) е приземен со кабелски простор под СН постројка во која ќе бидат влезовите на сите енергетски кабли. Во него се планира и опрема за управување на ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 (AC/DC, управување, заштита, мерење, итн)
Опрема за трансформаторска станица (постројката) се состои од:

- Три енергетски трансформатори 110/20 kV, 40 MVA
- Три 110 kV трансформаторски полиња
- Едно 110 kV далекуводно поле

Опрема за трансформаторска станица е планирана да биде надворешна, воздушно изолирана, со опрема за надворешна монтажа, поставена на високи челични носачи.
Опремата на постројката ќе биде од стандардно производство во согласност со IEC стандардите, за надворешна монтажа, прилагодена на електротехничките, механичките, сеизмичките и микроклиматските услови.
Во граници на градежната парцела се планира магацин за складирање на резервни делови.
За потребите при градба, работа и одржување на постројката се планираат сообраќајници со широчини од 3,0-6,0 m.
Се планираат сообраќајниците да бидат асфалтирани, а останатиот простор да биде со дробен каменит материјал, зеленило.
За водење на енергетските и командно-сигналните кабли низ постројката до командниот објект, се планираат кабелски канали и цевки.
Просторот околу трафостаницата ќе биде ограден, со една лизгачка влезна врата.
Согласно Мрежни правила за пренос на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје бр.12-1237/7 од 29.12.2021.

- ширина на заштитен појас е 5м од надворешниот раб на оградата или ѕидот, за трансформаторска станица со номинален напон 400kV и 110kV во кој се планира зеленило.

- **Телекомуникациска инфраструкрура**

Во граници на проектниот опфат не се планирани телекомуникациска инфраструктура.За постојната телекомуникациска мрежа ќе се обезбеди заштитен коридор во кој не се дозволува градба од 1м лево и десно од осовина на кабелот.

- **Гасоводна инфраструктура**

Во граници на проектниот опфат според податоците добиени од НОМАГАС АД Скопје (бр.15-3331/2 од 27.07.2023) ***нема планирано ниту изградено гасоводна мрежа***

3. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип е изработен согласно Законот за Урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и друга релевантна законска регулатива.

Граница на проектен опфат на урбанистички проект - полигон на урбанистички проект што комплетно припаѓа во границата на плански опфат на урбанистички план *или сама за себе претствува полигон вон опфат на урбанистички план.*

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Регулационата линија има асиметрично правно дејство, од двете страни на вертикалната површина по која се протега просторната граница на регулацијата: од едната страна на линијата е градежно земјиште за општа употреба за кое со закон е утврден јавниот интерес, додека од другата страна е градежно земјиште за поединечна употреба.

Границата на градежна парцела е регулаторна линија со симетрично правно дејство и просторни последици: од двете страни на вертикалната површина по која се протега просторната граница на регулацијата се наоѓа земјиште за поединечна градба чиишто носители на правото на градба имаат по правило исти и меѓусебе симетрични права што треба да гарантираат колку што може порамноправен и хармонизиран планерски третман на соседните градежни парцели.

Градежна парцела е ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на правото на градење, и претставува најмала и неделлива просторна единица на градежното земјиште.

Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на градежна парцела.

Градежната парцела се состои од една или повеќе катастарски парцели или делови од катастарски парцели.

Градежна парцела – нумерација – бројка - нумерација на градежна парцела .

Рамковна површина за градба е површина во која се планираат површините за градење и на која се утврдуваат услови за градење на градбите.

Површина за градење претставува дел од градежна парцела ограничена со градежна линија на кој се утврдуваат услови за градење на градба во урбанистичко решение.

Градежна линија е планска одредба која претставува граница на дозволеното градење односно ја дефинира просторната диспозиција на идните градби и просторна граница до која градбата може да се гради.

Нумерација на објекти – на нумерацијата на градежна парцела се додава број на градба.

Инфраструктурна градежна линија се употребува за означување на површина на траса на инфраструктурен вод или опрема (опрема за трансформаторска станица). Таа е планска одредба која претставува граница на дозволеното градење/поставување на инфастурктурни водови и/или градби на инфрастурктура односно ја дефинира просторната диспозиција на идните инфрастурктурни водови и градби и е просторна граница до која може да се гради / поставува инфраструктурен вод и/или инфрастурктурна градба и со истата се дефинираат инфаструктрните водови и градби кои се градат / поставуваат надвор од основната градежна линија.

Подземна градежна линија е планска одредба која претставува граница на дозволено градење на подземни инфрастурктурни водови.

Максимална височина на градбата е планска одредба со која во урбанистички проект се утврдува најголемата дозволена височина на градбата.
Максималната височина на градбата се одредува на два начина:

- како висина на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри и
- како висина на највисоката кота на градбата, која се мери на највисокиот дел од затворениот габарит на градбата (од првостепената пластика) односно на највисоката кота на покривот или слемето на кровот доколку се работи за кос кров, изразена во метри.
- најмалата спратна височина со која во урбанистичкиот проект се пресметува бројот на спратови, мерено од под до под, за деловна дејност 3,40 м.

Максимална височина на нултата плоча во однос на теренот за градби на приземјето е во согласност со намената на градбата.
Намена на земјиштето подразбира начинот на употреба на земјиштето и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив, на површина на земјиштето, под и над површината на земјиштето, што клучно влијае на начинот на уредувањето на земјиштето, изградбата на градбите, како и на просторот потребен за нивното одвивање и функционирање.
Компатибилни намени, класи на намени или групи на класи на намени, се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста наменска зона или во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.
Една од компатибилните намени во просторната единица треба да биде уредена во урбанистички проект како основна намена при што другите компатибилни намени во истата просторна единица можат да бидат застапени со најмногу 40% за да не се смени карактерот и начинот на употреба на просторната единица.
Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија

Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.
Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.

Напомена 1: Доколку при реализација на проектот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Напомена 2:Доколку при реализацијата на Урбанистичкиот проект, потребни се одредени измени на Идеен проект или е потребно усогласување на Идејниот проект со Законот за градење, се изработува нов Идеен проект во согласност со урбанистичките параметри од овој Урбанистички проект и во согласност со законската регулатива од областа на градењето.

Градежна парцела 1

Вид и начин на употреба на планската единица: градежна парцела наменета за *Е1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија (ТС)*

Намена на земјиштето и градбите:

Основна класа на намена

- **Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија**

Компатибилна намена

- Магацин

Урбани параметри

Површината на градежна парцела	16 106м²
Површина за градба	8 053м²
Развиена површина по етажи	16 106м²
Процент на изграденост	50%
Коефициент на искористеност	К=1,0

Дозволена висина на градење: Н= 12,00 м

Максимален број на спратови: П+1

Висина и форма на кровна конструкција: Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

Дозволено е формирање на три типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:

- коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35^{o}
- мансарден покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 60^{o}
- рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5%.

Максималниот агол на кровната конструкција се пресметува од завршниот венец на градбата во однос на вертикалната рамнина на фасадниот sид.

Режим на градење над котата на горниот венец: дозволено е градење на кули, покривни баџи, стакларници и издадени покривни елементи,

- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации, и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обsидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот

Кота на нулта плоча во однос на нивелета на пристапна сообраќајница: во зависност од намената на градбата

Сообраќај: Пристап до градежната парцела 1 е од некатегоризиран пристапен пат од Урбанистички план вон населено место со основна класа на намена Е2 –комунална супраструктура (фотоволтаична централа) во КО Бучиште: КП 1/1, 56, 57, 58, 45, 46, 102/11 и дел од КП 1/2, 2, 3, 5, 8, 10, 11, 12, 13, 33, 34, 35, 42, 55/2, 967, 968, КО Петршино: КП 1362/3, 1362/4, 1363/3, 1364/4, 1364/5 и дел од КП 1066, 1361/2, 1365/1, 1490, 1501, 1502, 1503, 1532, 1533 - општина Пробиштип (одлука бр.26-794/5 од 30.07.2021) “

Паркирање на моторни возила во градежна парцела

12 паркинг места за моторни возила и 1 паркинг место за инвалиди

Обезбедување на потребниот број на паркинг места во градежната парцела е услов за постигнување на максималниот габарит и висина на градба.

Режим на градење под земја: дозволено е градење во граница на рамковна површина за градба за објекти и во подземна градежна линија за инфраструктура.

Водови и објекти на инфраструктура:

- **Хидротехничка инфраструктура**

Водоводна мрежа

Ќе се користи флаширана вода за пиење за вработените. За задоволување на санитарните потреби на градбите, наводнувањето на зелените површини ќе се користи вода од бунар.

Фекална канализација

Фекалните води ќе се дистрибуираат во непропусна септичка јама која интервално ќе се празни.

Атмосферска канализација

Прифаќање и одведување на атмосферските отпадни води од крововите и сообраќајните површини на локалитетот ќе биде во зелените површини.

- **Електро-енергетска инфраструкрура**

Фотонапонските централи (Бака Енерџи/Чашица Солар/Скај Солар) кој се планирани во близина на градот Пробиштип се приклучуваат на ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 со инсталирана моќност од 110 MW.

Од источна граница на градежната парцела се планирани 20KV кабли до планиран објект 1.1 (командно контролен објект). Од командно контролниот објект се планираат 20 kV кабли до опремата за трансформаторска станица . Од опремата за трафостаницата односно од 110kV далекуводно поле со 110kVкабел се планира приклучок на 110 kV кабел и далновод планиран со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип - општина Пробиштип до приклучок на ТС 110/35 kV Пробиштип.

Командно контролиниот објект (ККО) е приземен со кабелски простор под СН постројка во која ќе бидат влезовите на сите енергетски кабли. Во него се планира и опрема за управување на ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 (AC/DC, управување, заштита, мерење, итн)

Опрема за трансформаторска станица (постројката) се состои од :

- Три енергетски трансформатори 110/20 kV, 40 MVA
- Три 110 kV трансформаторски полиња
- Едно 110 kV далекуводно поле

Опрема за трансформаторска станица е планирана да биде надворешна, воздушно изолирана, со опрема за надворешна монтажа, поставена на високи челични носачи.

Опремата на постројката ќе биде од стандардно производство во согласност со IEC стандардите, за надворешна монтажа, прилагодена на електротехничките, механичките, сеизмичките и микроклиматските услови.

Во граници на градежната парцела се планира магацин за складирање на резервни делови.

За потребите при градба, работа и одржување на постројката се планираат сообраќајници со широчини од 3,0-6,0 m.

Се планираат сообраќајниците да бидат асфалтирани, а останатиот простор да биде со дробен каменит материјал, зеленило.

За водење на енергетските и командно-сигналните кабли низ постројката до командниот објект, се планираат кабелски канали и цевки.

Просторот околу трафостаницата ќе биде ограден, со една лизгачка влезна врата.

Согласно Мрежни правила за пренос на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје бр.12-1237/7 од 29.12.2021.

- ширина на заштитен појас е 5м од надворешниот раб на оградата или ѕидот, за трансформаторска станица со номинален напон 400kV и 110kV во кој се планира зеленило.

Начинот на обработката на партерот: асфалтирани колски површини ,заштитен тротоар, пешачки патеки, паркинг простор и зеленило.

Статус на земјиштето: Со донесување на урбанистичкиот проект зејиштето добива статус на градежно земјиште

Подигање на урбаната зелена инфраструктура: Степен на озеленување во парцелата да изнесува минимум 20%, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ, бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр.42/20)).

Мерки за заштита: Да се обезбедат мерки согласно Мрежни правила за пренос на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје бр.12-1237/7 од 29.12.2021.

- ширина на заштитен појас е 5м од надворешниот раб на оградата или ѕидот, за трансформаторска станица со номинален напон 400kV и 110kV во кој се планира зеленило.

МИСЛЕЊА ОД ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

1. ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје (бр. 10-23/4 – 118 од 23.02.2024)

Во врска со Вашиот допис број 67-736/4 од 06.02.2024 година, со кој барате да дадеме мислење за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип, ве известуваме дека немаме забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО мислење**.

2. МЕПСО АД, Скопје (бр.10-1029/1 од 01.02.2024)

Во врска со вашето барање за мислење по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип, Ве известуваме дека врз основа наш допис бр.11-4666/1 од 04.08.2023год., прикачен на е-урбанизам со број на постапка 59263, АД МЕПСО дава **позитивно мислење** со констатација дека на предметната катастарска парцела нема во сопственост постоечка линиска инфраструктура.

- Веќе потврдено со наш допис бр.11-4666/1 од 04.08.2023год., адресиран до Тектон Дооел ул.Народен фронт бр.5/12 1000 Скопје

3. Македонски Телеком АД, Скопје(бр 59263 од 14.02.2024)

Согласно Вашето Барање за мислење добиено преку системот е-урбанизам за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип, Ви доставуваме **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ**.

Кон ова ги додаваме и следните

Услови за согласност: Да се превземат сите неопходни мерки за заштита на постојната тк инфраструктура согласно техничките прописи или наша усогласеност. Доколку се јави потреба од заштита/дислокација на тк инфраструктурата, Ве молиме да поднесете барање до Секторот за продажба. Секоја евентуална штета која ќе биде направена во текот на работите врз тк инфраструктурата должни сте веднаш да ја пријавите на наша адреса.

4. Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ – Скопје (бр.11-749/1 од 08.02.2024)

Во врска со вашето барање за доставување на мислење од општина/институција поднесено преку е-урбанизам со број на постапка 59263 креирано на 05.02.2024 год и наслов Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип, Ве известуваме дека издаваме **позитивно мислење.**

5. Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост (бр.08-1003/2 од 06.02.2024)

Согласно вашето Барање мислење, ваш бр.67-736/4 од 06.02.2024 година, за изготвување ПИМ за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип.

НОМАГАС АД Скопје ве известува дава **позитивно мислење**.

6. ЈПЖИ Железници на Република Северна Македонија - Скопје (бр.2001-683/2 од 21.02.2024)

Во врска во Вашиот допис бр.67-736/4 од ден 06.02.2024 година и број на постапка 59263 од Е-урбанизам со кој барате мислење, а кое Ви е потребно за изработка на „Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип“, Ве известуваме за следното:

По разгледувањето на Вашето барање и доставениот урбанистички проект, ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје нема забелешки.

7.Агенција за цивилно воздухопловство (бр.12-8/112 од 07.02.2024)

Врз основа на вашето барање ве известуваме дека стручните служби на Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледа доставената техничка документација: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип изработена од ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје тех.бр.443/23 од Февруари 2024, при што констатирено е дека забелешките дадени од наша страна со дописот бр.12-8/1042 од 27.07.2023 година а кои се однесуваат на безбедност на воздушниот сообраќај се запазени/вградени во доставената проектна документација, врз основа на горе наведеното издаваме **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај.

9. Дирекција за заштита и спасување – Сектор за оперативна логистика, Подрачно одделение за заштита и спасување Пробиштип (бр.09-35/2 од 08.02.2024)

Мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип.

Дирекцијата за заштита и спасување - Подрачно одделение за заштита и спасување Пробиштип од извршениот увид на поднесената планска документација за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип, констатира дека мерките за заштита и спасување во документацијата се соодветно планирани и вградени, врз основа на што Дирекцијат зазаштита и спасување – Подрачно одделение за заштита и спасување пробиштип дава позитивно мислење.

9. Општина Пробиштип (бр.10-1/2 од 21.02.2024)

Согласно член 62 став (4) како и член 47 став (7) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23) а во врска со постапката бр.59263 во е-урбанизам, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип, Општина Пробиштип дава **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** и потврдува дека горенаведениот проект со предвидениот опфат е во склад со постојната урбанистичко планска документација.

10. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – сектор за регистрација, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост (бр.40-1887/2 од 13.02.2024)

Во врска со Вашето Барање мислење со Ваш архивски број:67-736/4 од 06.02.2024година, согласно Законот за урбанистички планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20), за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV ФЕЦ Пробиштип 1 на КП 4, КО Бучиште - општина Пробиштип, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Ве известува со следното:
Според Законот за земјоделско земјиште (Сл.весник на РМ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 70/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и Сл.весник на РСМ бр.161/19, 178/21 и 91/23) се уредуваат користењето, располагањето, заштитата и пренаменатa на земјоделското земјиште. Целите на овој закон се: -- рационално користење на земјоделското земјиште и – обезбедување правна сигурност на сопствениците и корисниците на земјоделското земјиште.
Согласно доставената документација и увидот во истата констатирано е дека Предметното земјиште на КП 4 викано место Чашица, катастарска култура Нива, катастарска култура 4, со Имотен лист бр.262, за КО Бучиште е во приватна сопственост.

Воедно напоменуваме дека меѓу приоритетите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е заштитата на земјоделското земјиште, а особено ограничување на трансформацијата на земјиштето од 1-4 катастарска класа за незмјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

4.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

4.1 Животната средина

Основна намена на просторот во граници на проектниот опфат е Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV.

Водата, почвата и воздухот се едни од најчуствителните и најдолгомемориранитe медиуми кои го паметат загадувањето и го рефлектираат во долг временски период во околината поради што треба најригорозно да се почитуваат и заштитат. При планирање потребно е да се овозможат услови за заштита на почвата, водата, воздухот и да се обезбеди заштита од бучава.

- ***Загадување на почвата и водите и мерки за заштита***

По некатегоризираните пристапни патишта ќе се движат возила за одржување на трафостаницата и земјоделски машини за пристап до земјоделските површини. Фрекфенцијата на моторни возила ќе биде зголемена од досегашната на овој простор само од возилата за одржување кој е минимален за трафостаницата од што произлегува дека нема да има загадување на атмосферската вода која ќе се одлева во соседните катастарски парцели.

- ***Аерозагадување и загадување од отпадни материјали и мерки за заштита***

Со оглед на намената на земјиштето загадувањето ќе биде од моторните возила и земјоделските машини кој ќе се движат по некатегоризираните пристапни патишта.

- ***Извори на бучава и вибрации и мерки на заштита***

Извор на бучава ќе бидат моторните возила и земјоделските машини.

Техничко-технолошки катастрофи

Со оглед на намената на просторот Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV во случај на технички проблеми се активира систем за автоматско исклучување на проток на електрична енергија..

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Со оглед на намената на просторот Е1.8 трансформаторска станица ТС 110/20kV не постои радиолошко, хемиско и биолошко загадување.

4.2 Заштита и спасување

Повредливост од пожар

Пристапот до проектниот опфат е од некатегоризирани патишта.

Заштита и спасување од пожари, екплозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер. Заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни матери, се активности кои се планираат и спроведуваат со просторно и урбанистичко планирање и со примена на технички нормативи при проктирање и изградба на објектите. Оперативни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при одстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Планирањето и изработка на техничка документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување спасување (Службен весник на РМ, бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), и Правилник за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник 32/11).

Планираните некатегоризирани пристапни патишта треба да овозможува лесен пристап на пожарни возила до парцелите наменети за трансформаторска станица со доволна широчина (мин 3,5м), за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичниците на пристапниот пат треба да бидат со височина не поголема од 7см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот, а коловозна конструкција на пристапот да се димензионира на осовниски притисок од најмалку осум тони. Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, надвозници и др. отвори, минимална димензија на светлиот отвор на проодот се: 3,5м широчина и 4,5м височина. Отвори кои се наоѓат во кривина, минимална димензија на светлиот отвор на проодот се: 4,0м широчина и 4,5м височина.
При проектирањето на новопланирани објекти, во документацијата да биде решена и громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптеретување на новопланираните објекти. Во граници на градежната парцела има хидрантска мрежа со која се задоволени сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои вода од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила. Надворешната хидрантска мрежа преставува прстенест систем на цевоводи, со пречник Ф150мм на кој има противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку Ф80мм. Растојание меѓу надворешни хидранти е димензиониран согласно намената на просторот, големината и од слични карактеристики на објектот, со тоа што пожарот на секој објект ќе се гаси со најмалку два надворешни хидранта. Притисок во хидрантска мрежа е 2,5 бара.

Природни катастрофи

При планирање на просторот мора да се почитуваат природните сили: земјотрес, поплави, силни ветрови, снег, наноси, лавини, лизгање, одронување на терен и други природни сили кој можат да влијаат на безбедноста на просторот. За заштита од природните непогоди се преземаат низа мерки за нивно спречување при изработка на планската документација на планираните градби и димензионирање на градбите од аспект:

- **Сеизмички ризик**

Според инженерско - геолошките услови, теренот, според стабилноста, е категоризиран како претежно нестабилен каде се можни појави на сите деформации во природни услови, или при делувањето на човекот. Од досега набљудуваните земјотреси, планскиот опфат се наоѓа во подрачје каде се очекуваат земјотреси со јачина од 5.5˚ до 6.0˚ по Рихтер, односно 8˚ по Меркалијева скала. Овие услови налагаат потреба од строго почитување на условите за асеизмичка градба на објектите и инфраструктурата.
Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со примена на соодветни економски мерки за заштита на создадените вредности, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите градби.
Трафостаницата во случај на земјотрес може да се оштетатно но тоа нема да влијае на околината и да создаде штета освен што нема да биде во фунција.

- **Заштита и спасување од урнатини**

При хаварија на трафостаницата урнатините од објектите и опремата ќе бидат во граници на градежната парцела и нема да влијаат на околниот простор.
Да се почитуваат Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од урнатини (Службен весник на Република Македонија, бр. 100/10)

- **Заштита и спасување од поплави**

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотоците, изградба на заштитни градби, набљудување и санирање на оштетени делови на заштитните градби, набљудување на состојбите на водотоците и високите бранови, заштитните градби и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје и негова евакуација и спасување, како и учество на санирање на последиците предизвикани од поплавата.
При планирање на трафостаница се планира одведувањето на водата да биде во зелените површини од градежната парцела.

- **Метеоролошки ризик**

Се манифестираат како врнежи, град, луњи, ветрови и магли.
При планирање на трафостаницата ќе се преземат сите мерки согласно Мрежни правила за пренос на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје бр.12-1237/7 од 29.12.2021 за да се елиминира влијание метролошкиот ризик.

Воени разурнувања

Трафостаниците се цел на воено разурнување. При нивна изградба треба да се применуваат мерки за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита и изградба на потребната инфраструктура.
За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за обука за примена на средствата за заштита и спасување, за тоа предвидените центри во согласност со:
Законот за одбрана (Сл.весник на Р.М. бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16и 83/18), Законот за управување со кризи (Сл.весник на Р.М. бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18)

Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандарди и прирачни средства на местото на повредување – заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој проектен опфат во реонот на амбуланта би изнесувал од 20 до 25 мин.
Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епидемии и други несреќи. Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производи од животинско потекло ги спроведуваат надлежни органи и институции во нивно секојдневно работење.
Во спроведување на оперативни мерки, покрај надлежни органи и институции учествува и Дирекција со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандрдни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт.

Заштита при работа

Влијанија поврзани со работната сила се идентификувани како влијанија врз здравјето и безбедноста на работниците.

Со цел да се минимизираат негативните влијанија врз работната сила ќе се преземат следните мерки за заштита:

- ангажирање на квалификувани работници, како и нивна континуирана обука.

4.3 Обезбедување на пристап за лица со инвалидност

Во граници на градежната парцела планиран е паркинг простор за инвалидни лица.Нивелацијата на теренот дозволува нивно движење до објектите и опремата.

4.4 Заштита на природно наследство и културно историско наследство

Во граници на проектниот опфат според податоците добиени од Министерство за животна средина и просторна планирање – Сектор за Природа од страна на Службата за просторен информативен систем (16-4749/3 од 24.08.2023), констатирано е дека просторот на горенаведената предметна локација ***се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја***, во Република Северна Македонија, истата не е во границите на идентификувано Натура 2000 и Емералд подрачје.

Според добиени податоци и информации **од Управа за заштита на културно наследство – Министерство за култура на РСМ (бр.17-2489/2 од 18.08.2023)** во граници на проектниот опфат ***нема заштитени добра ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.***

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство(Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

ПРИЛОЗИ КОН ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

- **Услови за планирање на простор**
- **Извод од УПВНМ**
- **Податоци и информации од јавни институции**
- **Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога**
- **Мислења од јавни институции**

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОР

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 2391/2023

Дата... 24-11-2023

